# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес во подобрување на состојбите за ефикасно имплементирање на мерките за обезбедување на квалитет на воздухот во РМ, преку оценка на сите фактори кои имаат влијание врз целокупните состојби од областа/медиумот, а со цел понатамошно преземање на активности од страна на надлежните субјекти да придонесат кон севкупно подобрување на имплементацијата на законската регулатива за амбиентниот воздух во РМ, квалитетот на воздухот, а со тоа и намалување на ефектите од загадувањето кое има влијание врз здравјето на луѓето. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме за потребите на ревизијата произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици и кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година на тема: „Ефикасност на мерките за обезбедување на квалитетот на воздухот во РМ" со цел да дадеме одговор на прашањето: **"Дали досегашниот степен на имплементација на мерките за обезбедување на квалитетот на амбиентниот воздух во РМ значи негово подобрување и нивното влијание врз намалување на ефектите од загадување"?**

Нашата ревизија ја насочивме кон откриените ризични области како и кон прашања поврзани со областа/медиумот воздух:

- **Управување со квалитетот на амбиентниот воздух;**
- **Имплементација на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот предвидени во планските документи согласно ЗКАВ, како и мерките предвидени со заклучоците на Влада на РМ;**
- **Услови за имплементирање на мерките за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и**
- **Ефектите од мерки и влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.**

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за ефикасноста на мерките за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, примената на законската и подзаконската регулатива во областа, координацијата помеѓу институциите кои се надлежни за областа, спроведување на стратешките плански документи, финансирање во областа и известување за начинот на кој се спроведува надзорот и контролата од страна на надлежните институции, условите кои придонесуваат за функционално и ефикасно исполнување на нивните законски обврски и други отворени прашања за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди од овој извештај. Периодот кој го опфативме со нашата ревизија за прашања кои се однесуваа на ризичните подрачја како и други прашања поврзани со поставената цел на ревизијата на успешност е дефиниран 2012-2014 година.

Исто така, ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за посочената област како и други аспекти од нивното работење. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија на успешност. Државниот завод за ревизија кај дел од надлежните институции во изминатите години и тековно вршел ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за кои се издадени соодветни извештаи. Избраната цел на ревизијата претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.